Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), член 109 став (13) од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 15 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 106/20), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 22 октомври 2020 година донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за усвојување на приговор**

1. Приговорот на Ѓорѓи Илиевски од Делчево УП2 09-140/20 од 14 август 2020 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-171 од 31 јули 2020 година СЕ УСВОЈУВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-171 од 31 јули 2020 година СЕ ПОНИШТУВА и предметот се враќа на повторно разгледување и одлучување.

3. Електродистрибуција да издаде Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа преку стандарден приклучок.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

### **О б р а з л о ж е н и е**

Ѓорѓи Илиевски од Делчево до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-140/20 од 14 август 2020 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција).

Жалителот го оспорува Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција бр. 11-171 од 31 јули 2020 година издадено од КЕЦ Делчево поради непостоење на технички услови за приклучок.

Во одговорот на Електродистрибуција е наведено дека нема инфраструктура во близина на парцелата на жалителот, а последната напојна точка е на 100 метри од објектот.

На 24 септември 2020 година Регулаторната комисија за енергетика се обрати до Електродистрибуција со барање за достава на дополнителна документација – извод од план и ГИС скица каде ќе биде означен објектот на барателот и нацртана мрежа.

Електродистрибуција на 29 септември 2020 година достави одговор со прилог GIS скица.

На 8 октомври 2020 година се одржа седница на Комисијата за постапување по приговори на која се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-140/20 од 14 август 2020 година со прилог:

- Полномошно од жалителот за Адвокат Љупчо Јанковски од Скопје
- Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа бр. 11-171 од 31 јули 2020 година
- Скица од подрачјето
- Имотен лист бр. 1154 за КП бр. 4644/2, КО ГРАД
- Одобрение за потврдување на бесправен објект изграден на земјоделско земјиште бр. 12-36 од 23 мај 2014 година издадено од Општина Делчево
- Потврда дека КП 4644/2, КО ГРАД не е во урбанистички опфат бр. 12-1208/2 од 17 јули 2020 година издадена од Општина Делчево
- БСП-1 Образец од 28 јули 2020 година,

2. Одговор на Приговор од 29 август 2020 година
3. GIS скица

Од приложената документација и докази се утврди дека постојат технички услови за реализација на стандарден приклучок.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е основан.

Согласно член 93 став (3) точка 3) од Закон за енергетика (Службен весник на РМ бр. 96/18 и Службен весник на РСМ бр. 96/19) операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон е должен да ги приклучи производителите и потрошувачите на електродистрибутивниот систем со кој управува во економско-технички оптимални точки, како и да овозможи пристап на трета страна за користење на електродистрибутивниот систем.

Исто така, согласно точка 7 од истиот став, должен е и да го развива, надградува и одржува електродистрибутивниот систем со кој управува и да обезбеди долгорочна способност на системот за задоволување на оправданите барања за дистрибуција на електрична енергија.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09 – 140/20**
**22 октомври 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**